


***Делото „Библиски речник”, чиј автори се м-р Петко Златески и Славе Николовски - Катин е прво дело од ваков вид на македонски јазик во издание на Библиското здружение на Република Македонија и на книгоиздателството „Македонска искра” од Скопје. Во овие продолженија за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе го претставиме „Библискиот речник“ преку лексикографските термини, имињата,***
***зборовите, изразите, називите...***

Делото *„Библиски речник”,* чиј автори се м-р Петко Златески и Славе Николовски - Катин е отпечатено во 1997 година на 215 страници на македонски јазик, со благослов на поглаварот на Македонската православна црква Охридска архиепископија, неговото

блаженство, архиепископот г.г. Михаил, а во редакција на д-р Јоаким Хербут, Скопски бискуп на Католичката црква во Македонија, д-р. Ратомир Гроздановски и м-р Ѓоко Ѓерѓевски, двајцата професори на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*“ во Скопје, при што голем е придонесот на уредникот на *Библиски речник”,* Елена Стојанова.

Инаку, м-р Петко Златески беше почитуван вонреден професор на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*“ во Скопје, по предметите Македонско црковно пеење – теорија; Црковно пеење; Типик; Апологетика и Историја на религијата. Тој како долгогодишен Генерален секретар беше душата на Библиското здружение на Република Македонија, кое е посветено на превод, подготовка, издавање, и дистрибуирање на Светото писмо до сите граѓани кои живеат во Република Македонија и оние кои се насекаде во светот и сакаат да го читаат ова значајно дело на македонски јазик.

Почитуваниот професор м-р Петко Златески беше роден на 10 јуни 1955 година во реловуционерното село Дуње, Прилепско, а во Господа се упокои на 13 мај 2020 година, на празникот Преполовение. Затоа и овие продолженија за „*Библискиот речник*“ се во негова чест, да се смопени неговото име и дело, за Бог да го прости.

Во врска со печатењето на „*Библискиот речник“* треба да се нагласи дека темелите беа поставени во 1988 година кога беше издаден Новиот Завет во нов превод на архиепископот  Гаврил, а целата Библија беше издадена од United Bible Societies (UBS) во 1990 година, која  е позната како „Гаврилова“ Библија. Новото ревидирано издание, познато како Македонска стандардна Библија, беше издадено во 2006 година од Библиското здружение на Република Македонија. Оваа Библија е одобрена и со благослов на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, а ја користат голем број македонски христијани нашироко во светот.


СВЕТО
ПИСМО
(БИБЛИЈА)


БИБЛИЈА
За млади
СТАР И НОВ







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**